АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

АФПЗРР

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12 во Скопје, претставувана од директорката, судија Анета АРНАУДОВСКА и

2. **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**, со седиште на бул. „3та Македонска Бригада“ бр. 20 во Скопје, претставувана од директорот, г. Тони ДИМОВСКИ.

Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба, интерес да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку Академијата за судии и јавни обвинители како еден од главните приоритети за членство на Република Македонија во Европската Унија, преку развивање меѓусебна соработка во насока на соодветна примена на прописите од областа на спроведувањето на предпристапната помош на Европската Унија – ИПА, поконкретно петтата компонента ИПА за рурален развој (ИПАРД) се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на нивната законска надлежност и со:

- одржување обуки на судиите и јавните обвинители и на други целни групи за нивно континуирано стручно усовршување;
- донација на стручна литература од областа на предпристапните фондови;
- известување за промените во прописите од областа на спроведувањето на предпристапната помош на Европската Унија – ИПА, поконкретно петтата компонента ИПА за рурален развој (ИПАРД);
- ангажирање меѓународни предавачи и експерти;
- овозможување учество при студиски посети и конференции во странство.

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето:

-ако другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум

**Член 7**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење

автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

Потпишан во Скопје на 10 февруари, 2014 година

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| Директор, | Директор, |
| Судија Анета АРНАУДОВСКА | г. Тони ДИМОВСКИ |
| ________________________________________ | ___________________________________ |